МАКЕД. СТОМАТ. ПРЕГЛЕД VI, 1, 83–86, 1982

*Стоматолошки факултет – Скопје*
*Клиника за ортодонција*
*Центар за слух, говор и глас – Скопје*

# КАУЗАЛНА ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ ОРТОДОНТСКИТЕ АНОМАЛИИ И АРТИКУЛАТИВНИТЕ РАСТРОЈСТВА ВО ГОВОРОТ

Левенска Горица, С. Серафимова, Ј. Ѓоргова

*Ортодонтско-логопедската соработка претставува важен момент при лекувањето на деца со ортодонтски аномалии и артикулативни растројства во говорот. Преку систематски прегледи на 1418 деца од пет скопски предучилишни установи авторите се осврнуваат на причинската поврзаност на ортодотските аномалии и дефектите во говорот.*

Познато е дека постои каузална поврзаност меѓу морфологијата и функцијата и дека функцијата, физиолошка или не, дејствува моделаторно врз морфологијата. Ако се знае дека секој орган во човечкиот организам е задолжен да врши одредена функција, морфолошките девијации на одредени органи би повлекле и функционални нарушувања. Постојат комплексни функции кои се остваруваат со учество на повеќе органи од најразлични системи во организмот. Една од тие е говорната, со која човекот како општествено битие ја задоволува својата перманентна потреба за комуникација со околината.

До скоро говорните артикулативни растројства биле предмет на опсервација на две самостојни дисциплини: логопед, ортодонт. Проблемот бил разгледуван посебно и изолирано.

Поновите литературни податоци зборуваат за еден покомплексен приод кон артикулативните говорни растројства. Разрешувањето на проблемот е согледан во тимската соработка на повеќе дисциплини, посебно на ортодонтско-логопедскиот приод. Guay, Марковиħ, Владисављевиħ (1,2,7). Теодосиевски и сор. (6) ја нагласуваат превенцијата и раната дијагностика при рехабилитацијата на растројства во говорот. За целосна и сестрана соработка меѓу ортодонтите и логопедите се залага во своите трудови и Николиħ-Ериħ (3,4).

Намената на овој труд не е да ја опишува говорната функција или да ги набројува видовите растројства и сите отстапувања во орофацијалниот комплекс. Даваме осврт на каузалната врска меѓу анатомско-морфолошките промени на орофацијалните структури, како делови од артикулативниот систем, и растројствата во говорот.

## Материјал и метод

Како материјал за ова испитување ни послужија резултатите добиени од систематските прегледи на 1418 деца во пет скопски предучилишни установи. Децата беа од 4 до 6 годишна возраст. Од сите прегледани ги селектиравме само оние кај кој постоеше ортодонтската аномалија, ортодонтска аномалија комбинирана со артикулативни растројстава го говорот, штетни навики како причинители на промени во говор и штетни навики без промени во орофацијалниот комплекс и говорот.

## Резултати

Добиените резултати од извршените систематски прегледи ги поделивме по пол и возраст и табеларно ги прикажуваме.

Табела 1.

Ортодонтски аномалии без говорни растројства

| Возраст | Пол ж. | м. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 4 | 5 | 3 | 8 |
| 5 | 6 | 8 | 14 |
| 6 | 17 | 16 | 33 |
| | 28 | 27 | 55 |

Во табела 1 ги прикажуваме ортодонтските аномалии кои не се придружени од артикулативни растројства. Во однос на полот не забележуваме поголеми разлики во бројот на ортодонтските аномалии. Но, со зголемувањето на возраста се гледа една прогресија во појавата на ортодонтските аномалии. Кај деца од 4-годишна возраст најдовме само 8 ортодонтски аномалии, на 5-годишна 14 и на 6-годишна 33.

Табела 2.

Ортодонтски аномалии со говорни растројства

| Возраст | Пол ж. | м. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 4 | 7 | 10 | 17 |
| 5 | 14 | 20 | 34 |
| 6 | 46 | 41 | 87 |
| | 67 | 71 | 138 |

Табела 2 ги презентира ортодонтските аномалии што се непосредно поврзани со артикулативни растројства во говорот. Во првата група од 4-годишни испитаници најдовме растројства во говорот кај 7 женски и 10 машки деца. Во групата од 5-годишни испитаници бројот беше зголемен и кај машките изнесуваше 14 а кај женските 20. Вкупниот број деца од 6-годишна возраст со ортодонтска аномалија и растројство во говорот изнесуваше 87.

Табела 3.

| Штетни навики со орт. аномалии и арт. раст на говорот | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст | Пол | | |
| | ж. | м. | Вкупно |
| 4 | 8 | 6 | 14 |
| 5 | 23 | 10 | 33 |
| 6 | 28 | 14 | 42 |
| | 59 | 30 | 89 |

Ортодонтските аномалии како резултат на штетни навики во орофацијалната регија и нивното дејствување врз артикулативните растројства во говорот се прикажани во табела 3. Се забележува дека најголем број отстапувања од физиолошкиот говор се јавуваат во најголемата група испитаници во обата пола.

Табела 4.

| Штетни навики без орт. аномалии и без арт. раст. на говорот | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст | Пол | | |
| | ж. | м. | Вкупно |
| 4 | 4 | 3 | 7 |
| 5 | 3 | 3 | 6 |
| 6 | 3 | 2 | 5 |
| | 10 | 8 | 18 |

Штетните навики не мора секогаш да предизвикаат ортодонтска аномалија, како и растројство во говорот. Од вкупниот број прегледани деца кај 18 најдовме штетни навики. Појавата споредена по пол беше скоро идентична во сите три групи испитаници.

## Дискусија

Низ програмски остварените систематски прегледи во предучилишни установи се овозможува раното откривање на ортодонтските аномалии, парафункциите во орофацијалната регија и артикулативните растројства во говорот. Навремениот приод кон овие два проблема дава позитивни резултати со ортодонтско-логопедско лекување.

Каузалната поврзаност меѓу ортодонтските аномалии и говорните дисфункции во нашата група испитаници е претставена со 138 случаи или 9,73%.

Парафункциите како етиолошки фактори за ортодонтска аномалија многу често се причина и за говорни растројства. Нашите резултати од испитувањето се прикажани во таб. 3 и се застапени со 6,27% во однос на целата група од 1418 испитаници.

Rehak и сор. (5) на извршените систематски прегледи кај деца од 3 до 5 годишна возраст нашле 40% артикулативни растројства во говорот. Матиќ дава процент од 30-60), наспроти нашите наоди каде што целокупната застапеност на говорните дисфункции како резултат на ортодонтски аномалии е 16% .(од Теодосиевски 6).

## Заклучок

Резултатите добиени од систематските прегледи на деца од предучилишна возраст нѐ наведуваат на следниве заклучоци:

1. Од вкупно прегледаните 1418 деца, со ортодонтска аномалија и артикулативни растројства најдовме 138 деца, а со штетни навики кои даваат реперкусија на функцијата на говорот 89 деца.

2. Во лекувањето на говорните растројства од примарно значење е превенцијата, раната дијагноза и тимската соработка меѓу логопед, ортодонт, педијатар и невропсихијатар.

3. Ортодонтско-логопедското лекување мора да оди секогаш напоредно едно со друго, при што се добиваат побрзи и поефикасни резултати.

## CAUSAL RELATION BETWEEN ORTHODONTIC ANOMALIES AND ARTICULAR DISORDERS

### Summary

In treatment of orthodontic anomalies and articular disorders of speech collaboration between orthodontist and logopeds is a very important moment.

1418 children from five pre-school institutions were sistemically examined. The authors try to enlight the causal relation between orthodontic anomalies and disorders of speech.

### Литература

1. Guay, A.H. Maxwell, L.D., Beecher, R.: A Radiographic Study of Tongue Posture at Rest and During the Phonation of (s) in Class III Malocclusion. Br. J. Orthod. 1:10-22, 1978.
2. Марковић, М.: Конгенитална палатофарингеална инкомпетенција као узрочник хиперназалног говора. Савез друштава дефектолога Југ. 84-90, 1977.
3. Николић–Ерић, В.: Неправилности у изговору и прогени загрижај. СГС, април-мај:77-83,1965
4. Николић-Ерић, В.: О утицају неправилности вилица и зуба на изговор. СГС, март-април: 71-77, 1963.
5. Рехак, Г., Ковач, Е. Кишференц, Б.: Важност тимског рада у корекции денталних аномалија здружених са поремећајима говора. Зборник трудова II конгреса ортодоната Југ. Нови Сад 1976.
6. Теодосиевски, Д. и сор.: Екипни рад у рехабилитацији неких поремећаја говора у деце. Симпозиум о рехабилитацији детета. Нови Сад, 1969.
7. Владисављевић, С.: Савремени методи истраживања патолошке артикулације. Савез др. дефект. Југ. 16-21, 1977.